[111] Закон за трговски друштва, Службен весник на Р.М. бр. 28/04.
[112] Beaver, G. "Strategy and management in the smaller enterprise", Strategic Change, Vol. 11 (4), p.175-181, 2002.
[113] Ghobadian, A., O"Regan, N. "The impact of ownership on small firm behaviour and performance", International Small Business Journal, Vol. 24 (6), p .555-586, 2006.

националната економија. Исто така, при отсуство на големи претпријатија не може да се очекува позначаен развој. Оттука произлегува дека на секоја здрава економија и се потребни претпријатија со различна големина во сите сектори на економијата. Во Република Македонија не постои единствена дефиниција за МСП. Во Законот за трговски друштва од 2004 година, во делот за трговски книги, годишни сметки и финансиски извештаи, со членот 470 се класифицираат големите, средните, малите и микро трговци, од аспект на водење на сметководство. Оваа дефиниција е усогласена со дефиницијата на ЕУ (ЕУ Препорака 2003/361) во однос на праговите за бројот на вработените, но не и со праговите за годишен приход и биланс на состојба, Исто така, различните агенции имаат различни критериуми за своите услуги. На пример, Законот за основање на АППРМ (т.е., Законот за основање на Агенција за МСП на Република Македонија), ги идентификува МСП како независни претпријатија што имаат помалку од 50 вработени, остваруваат вкупен годишен обрт што не надминува 1,5 милиони евра, изразен во МКД, и се најмалку 51 процент во приватна сопственост (член 3).

***Слика 1:Дефиниција на микро, мали и средни претпријатија***

| Големина на друштвото | ЕУ дефиниција | Закон за трговски друштва 2004 г. (Изменет и дополнет 2013 г.) |
|---|---|---|
| **Микро** | <10 вработени<br>≤ЕУР 2 милиони обрт или биланс на состојба | <10 вработени<br>≤ЕУР 50.000 бруто годишен приход, изразен во МКД |
| **Мало** | 10 до 50 вработени<br>ЕУР 2–10 милиони обрт или биланс на состојба | ≤ 50 вработени, И<br>≥ ЕУР 2 милиони годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 2 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |
| **Средно** | <250 вработени<br>≤ЕУР 50 милиони обрт<br>≤ЕУР 43 милиони биланс на состојба | ≤250 вработени, И<br>≥10 милиони ЕУР годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 11 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |

ИЗВОР:Министерство за економија (2004) Закон за трговски друштва (изменет и дополнет 2013 г.), Министерство за економија

## 2. ПРОФИЛ И УЛОГА НА МСП ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА

Без оглед на големината на поединечните претпријатија, секторот на микро, мали и средни претпријатија (ММСП) како целина е доминантен во македонската економија. Најновите податоци покажуваат дека 99,8% од сите претпријатија припаѓаат во оваа група. Во 2013 година, 53.137 претпријатија биле ММСП, што претставува намалување во споредба со 55.385 претпријатија во 2009 година. Како што е прикажано на Слика 2, 91,0% од сите претпријатија во земјата се микро претпријатија. ММСП, исто така, се најголемите работодавачи, обезбедувајќи 76,6% од сите вработувања. Од овој аспект, утврдено е дека микро претпријатијата вработуваат само една третина од вкупниот број на работници, додека, пак, МСП заедно вработуваат 43,0% од сите работници. Малкуте големи претпријатија што се наоѓаат во земјата, со повеќе од 250 вработени, обезбедуваат вработување за 23,4 проценти од работната сила. Од гледна точка на додадената вредност, придонесот на микро претпријатијата и понатаму опаѓа. Без оглед на својата бројност, микро претпријатијата учествуваат со само 24,0% во додадената вредност, додека, пак, МСП учествуваат со 43,0%. Големите претпријатија се значително поголеми генератори на додадена вредност (слика 2)114.

Според тоа, клучниот предизвик на државата е да им се помогне на микро и малите претпријатија да остварат раст и да придонесуваат во поголема мера кон националната вработеност и да креираат додадена вредност. Уделите на МСП во вработеноста и додадената вредност забележаа благ пораст во текот на периодот од 2009 до 2013 година. Исто како во останатите економии во регионот, најголемиот број на МСП работат во секторот за трговија на големо и мало (44,0%), по што следи производниот сектор (13,0%) (OECP 2016)[115].

[114] Национална Стратегија за мали и средни претпријатија(2018-2023) http://economy.gov.mk
[115] OECP (2016) Индекс на политики за МСП; Западен Балкан и Турција 2016; Оценување на спроведувањето на Актот за мали претпријатија за Европа, OECD Publishing, Paris

**Слика 2: Показатели за демографијата на претпријатијата**




ИЗВОР:ОЕСР (2016) *Индекс на политики за МСП; Западен Балкан и Турција 2016; Оценување на спроведувањето на Актот за мали претпријатија за Европа*, OECD Publishing, Paris

### 3. ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА -МСП

Поттикнувањето на развојот на малите и средни претпријатија во Р.Македонија е интегрален процес што се состои од две нивоа, и тоа:[116]

- макро ниво - коешто опфаќа стратегиско ниво (политика, финансиска поддршка и друго) и институционално ниво,
- микро ниво - ниво на деловен субјект.

За стратегиското ниво директно е одговорна Владата, што подразбира креирање економски политики и бизнис амбиент во насока на развој на претприемаштвото. Значи, Владата треба да презема стопански реформи за надминување на бариерите и проблемите во развојот на МСП, коишто за жал сè уште се актуелни. Најчести проблеми со коишто се соочуваат малите и средни претпријатија се несоодветната регулатива и програмите за развој и нивна поддршка, како и поттикнување на претприемаштвото. Во Р. Македонија се преземени повеќе чекори за надминување на ваквите состојби, но сепак тие сè уште се недоволни. Од друга страна, институционалното ниво на развој на малите и средни претпријатија е компатибилен систем на финансиските потреби и институциите што даваат консултантска помош. Создавањето услови за развој на деловниот субјект на микро ниво подразбираа создавање соодветна стратегија, чии резултати позитивно ќе се рефлектираат на пазарот.

Малите и средни претпријатија мора да бидат флексибилни и да се прилагодуваат на промените на пазарот, а основните компоненти на нивната мисија треба да бидат насочени кон: специфичноста на целните потрошувачи и пазари; идентификација на потенцијалните и постојните производи и услуги; идентификација (од географски аспект), на конкурентноста на компанијата; идентификација на основните технологии; изразеност на факторите на развој, за опстанок и профитабилност; спецификација на клучните елементи од филозофијата на компанијата, како и филозофските приоритети; идентификација на самостојниот концепт на компанијата, како и нејзината моќ во однос на конкуренцијата и идентификација на посакуваниот публицитет на компанијата.[117]

Изготвувањето на политиките за МСП во Република Македонија започна во 2002 година, во периодот кога Владата го потпиша Меморандумот со Европската Комисија за учество во Европската повелба за малите претпријатија. Со потпишувањето на меморандумот сите земји од Западен Балкан ги прифатија обврските од Повелбата. Врз таа основа Министерството за економија ја изготви и првата Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија (2002-2013) која вклучуваше "Програма на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на малите претпријатија во периодот од 2003 до 2006 година". Оваа стратегија беше ревидирана во 2007 година и беше донесена нова Програма за развој на претприемништво, конкурентност и иновации за малите и средните претпријатија (2007-2010). Програмата на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на МСП (2002-2006) беше изготвена како придружен документ на првата национална стратегија за МСП. Програмата ги утврдува приоритетите за подобрување на

---

[116] Види пошироко: група автори, "Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2002.

[117] Група автори, Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2002 ., оп. цит

деловното окружување и успешноста на секторот на МСП, фокусирајќи се на:

- Создавање институционална инфраструктура за унапредување на претприемништвото и конкурентноста;
- Градење поволно економско окружување и подобрување на степенот на економската слобода;
- Промовирање на претприемништвото и нефинансиски форми за поддршка;
- Обезбедување финансиски форми на поддршка за развојот на претприемништвото; и
- Спроведување програма за создавање конкурентност.

Во 2006 година, националната стратегијата за развој на МСП беше ревидирана (2002-2013) и имаше за цел да придонесе кон општо зголемување на вработувањето во секторот за МСП и нивното учество во Бруто домашниот производ (БДП) до крајот на 2013 година. Мерењето се врши преку зголемување на бројот на МСП, бројот на луѓе што се вработени во МСП и вредноста на придонесот на МСП во создавањето на БДП. Ревизијата беше извршена за да се одговори на новите и претстојните предизвици во секторот на МСП, вклучувајќи ја потребата за осигурување на усогласеноста со барањата од применливото законодавство на Унијата (*Acquis Communautaire*), особено со оние што се однесуваат на МСП, како и да се вгради нов фокус на прашањата како што се претприемништвото, иновациите и ИКТ, што беа составен дел на Рамковната програма за конкурентност и иновации на ЕУ (2007-2013). Ревидираната стратегија ги имаше следниве цели:

- Подобрувања во креирањето на политиката;
- Поедноставување на правното и регулаторното окружување;
- Подобрување на пристапот до финансии;
- Поедноставување на оданочувањето;
- Промовирање на информатичката и комуникациската технологија;
- Зајакнување на науката, технологијата и иноваторството во функција на развојот на МСП;
- Промовирање на претприемништвото во образованието и обуката;
- Охрабрување на интернационализацијата на МСП;
- Подобрување на услугите за деловен развој; и
- Јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор

Во 2018година е усвоена нова и дополнета Национална стратегија за МСП (2018-2023) која ги надградува постигнувањата на претходната стратегија. Таа ги продолжува напорите за подобрување на деловното окружување за развој на МСП, истовремено зајакнувајќи ги напорите за подобрување на конкурентноста и иновациите. Оттаму, стратегијата се обидува да го задржи реформскиот замав што беше постигнат од Владата и да ги продлабочи овие реформи секогаш кога тоа е можно. Со новата стратегијата за МСП (2018-2023) се воспоставува рамка за соработка меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество со цел да се даде поддршка на развојот на МСП и на иновативноста со цел да се подобри нивната конкурентност. Стратегијата за МСП е осмислена со три стратешки цели.

Стратешка цел 1 — Поволно деловно окружување: Да се создаде поволно деловно окружување во коешто се поттикнуваат претприемништвото и инвестициите.

Стратешка цел 2 — Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП: Да им се помогне на МСП во Македонија да станат високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари.

Стратешка цел 3 - Динамичен екосистем на претприемништво и иновации: Да се поттикне економската конкурентност на Македонија преку зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП118.

## 4. АНАЛИЗА НА ВРАБОТЕНОСТА ВО МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Микро, малите и средни претпријатија (ММСП) имаат доминантно место во економијата на Република Македонија. Врз основа на направената анализа евидентно е дека во 2013 година нивниот број изнесува 60,579 (види Табела 1), а нивното учество во БДП е околу 70%. Во структурата доминираат микро претпријатијата (70%), додека пак 99,3% од македонските претпријатија се во категоријата ММСП. Високото учество на микро компаниите претставува потенцијално ограничување кон растот поради малата веројатност овие компании да пораснат во мали или средни и да креираат значителен број на работни места. Малите претпријатија имаат најголемо учество во вработеноста, над 40%, следено од микро и големите претпријатија (речиси исто учество од 20%) (Табела 2). Сепак, во набљудуваниот период (2010-2013 година), нето вработеноста е зголемена најмногу кај големите компании (за околу 18,000 работни места или 27% од вработеноста кај овие претпријатија), потоа кај малите претпријатија и

[118] Национална Стратегија за мали и средни претпријатија(2018-2023) http://economy.gov.mk

микро претпријатијата. Вработеноста кај средните компании е намалена. Според податоците за слободни работни места, најголем број на слободни работни места во 2014 година се креирани кај малите претпријатија.

**Табела 1 - Број на активни претпријатија по големина, 2010-2013**

| | Број | | | | Учество во (%) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активни претпријатија | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Микро | 44.824 | 42.214 | 43.270 | 42.529 | 72,52 | 71,10 | 71,20 | 70,20 |
| Мали | 16.248 | 16.345 | 16.629 | 17.017 | 26,29 | 27,53 | 27,36 | 28,09 |
| Средни | 557 | 604 | 660 | 594 | 0,90 | 1,02 | 1,09 | 0,98 |
| Големи | 182 | 212 | 215 | 439 | 0,29 | 0,36 | 0,35 | 0,72 |
| Вкупно | 61.811 | 59.375 | 60.774 | 60.579 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 |

Извор: Централен регистар на РМ.

**Табела 2 – Структура на вработеност според големина на претпријатијата, 2010-2013**

| | Број на вработени | | | | Учество во (%) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Претпријатија | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Микро | 66,981 | 69,752 | 71,625 | 71,712 | 19.42 | 19.75 | 19.75 | 19.88 |
| Мали | 145,667 | 150,093 | 153,808 | 163,552 | 42.23 | 42.49 | 42.49 | 42.69 |
| Средни | 64,069 | 61,085 | 62,966 | 53,923 | 18.57 | 17.29 | 17.29 | 17.48 |
| Големи | 68,245 | 72,284 | 71,872 | 86,620 | 19.78 | 20.46 | 20.46 | 19.95 |

Извор: Централен регистар на РМ

Структурата на претпријатијата во националната економија од аспект на нивната големина е од големо значење за нејзиното функционирање. Имајќи го предвид големото значење на дифернцирање на претпријатијата според големината, како и проблемот на избор на одделни индикатори, во практиката се користат различни индикатори за големина за претпријатија во различни сектори или комбинација на повеќе индикатори. Класификацијата на деловните субјекти во Р. Македонија, според нивната големина, се врши во согласност со ревидираната дефиниција на Европската комисија од мај 2003 година, така што се земаат предвид следниве критериуми: бројот на вработени, обртот на средствата или билансната состојба.

***Табела 3. Број на активни претпријатија по сектори на дејност според Националната класификација на дејностите - НКД Рев. 2 и според бројот на вработените, 2017 година***

| Сектори на дејност | | вкупно | % | 0[1)] | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250 + |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Број на активни деловни субјекти според бројот на вработените | | | | | |
| | Вкупно | **71 419** | **100,0** | **7 888** | **56 658** | **3 188** | **2 067** | **1 382** | **236** |
| А | Земјоделство, шумарство и рибарство | 2 603 | 3,6 | 238 | 2 260 | 41 | 36 | 24 | 4 |
| Б | Рударство и вадење на камен | 201 | 0,3 | 26 | 119 | 28 | 18 | 6 | 4 |
| В | Преработувачка индустрија | 7 885 | 11,0 | 568 | 5 845 | 596 | 468 | 341 | 67 |
| Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 172 | 0,2 | 41 | 113 | 6 | 4 | 4 | 4 |
| Д | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 255 | 0,4 | 22 | 143 | 29 | 23 | 28 | 10 |
| Ѓ | Градежништво | 4 814 | 6,7 | 441 | 3 809 | 303 | 184 | 67 | 10 |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 23 337 | 32,7 | 1 859 | 20 075 | 839 | 397 | 144 | 23 |
| Ж | Транспорт и складирање | 5 732 | 8,0 | 386 | 4 839 | 297 | 148 | 53 | 9 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4 559 | 6,4 | 430 | 3 623 | 331 | 137 | 38 | 0 |
| S | Информации и комуникации | 1 689 | 2,4 | 341 | 1 104 | 128 | 73 | 38 | 5 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 427 | 0,6 | 57 | 295 | 23 | 22 | 21 | 9 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 566 | 0,8 | 170 | 358 | 17 | 14 | 6 | 1 |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 6 948 | 9,7 | 667 | 5 994 | 191 | 82 | 12 | 2 |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 1 698 | 2,4 | 573 | 951 | 71 | 47 | 37 | 19 |
| Љ | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 268 | 0,4 | 3 | 23 | 42 | 88 | 85 | 27 |
| М | Образование | 1 184 | 1,7 | 89 | 555 | 52 | 167 | 316 | 5 |
| Н | Дејности на здравствена и социјална заштита | 3 319 | 4,6 | 64 | 2 908 | 103 | 93 | 127 | 24 |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 1 335 | 1,9 | 506 | 698 | 40 | 47 | 32 | 12 |
| О | Други услужни дејности | 4 427 | 6,2 | 1 407 | 2 946 | 51 | 19 | 3 | 1 |
| П | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... |

Извор: Државен завод за статистика

Според податоците на Државниот завод за статистика, (табела 3), бројот на активните деловни субјекти во Република Македонија,во 2017 година, изнесува 71 419 и во однос на 2016 година е намален за 0.1%. Ова намалување главно се должи на намалувањето на бројот на активните деловни субјекти во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (379 субјекти), Земјоделство, шумарство и рибарство (146 субјекти), секторот Транспорт и складирање за 97 субјекти. Во 2017 година, во однос на претходната, секторот Стручни, научни и технички дејности бележи мало зголемување (330 субјекти). Податоците за структурата на активните деловни субјекти по сектори на дејност покажуваат дека во 2017 година најголемо учество имаат секторите: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со 32.7% и Преработувачка индустрија со 11.0%. Најмала застапеност имаат секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 0.2% и Рударство и вадење на камен со 0.3%. Податоците за структурата на активните деловни субјекти според бројот на вработените покажуваат дека најголемо учество од 79.3% имаат деловните субјекти со 1 до 9 вработени. Потоа следат деловните субјекти без вработени или субјекти со неутврден број вработени (без податок за вработени) со 11.0%, па субјектите со 10 до 19 вработени со 4.5%, потоа субјектите со 20 до 49 вработени, чие учество изнесува 2.9%, со 1.9% учествуваат субјектите со 50 до 249 вработени и само 0.3% од активните деловни субјекти имаат над 250 вработени.Според големината на претпријатијата, на само 0,8% од вкупниот број субјекти од реалниот сектор кои доставиле завршни сметки во Централниот регистар се класифицирани како големи правни лица, додека малите и микро субјектите се далеку најбројни, заедно опфаќајќи 98,1% од правните лица. Од друга страна, во големите претпријатија (0.3%) се ангажирани 24.4% од вкупниот број на вработени, со остварени 34.5% од вкупната додадена вредност во рамките на деловниот сектор.

## ЗАКЛУЧОК

Реалниот сектор на Република Македонија има несомнено значајна улога во националната економија. Неговиот позитивниот придонес првенствено се согледува во формирањето на бруто домашниот производ на Република Македонија. Растот на додадената вредност кај сите дејности од домашниот реален сектор е повеќе од евидентен во целиот набљудуван период. Ваквата појава има позитивно влијание и согласно тоа придонесува за позитивни промени на конкурентската способност на реалниот сектор на Република Македонија. Исто така, реалниот сектор на Република Македонија има позитивен придонес за движењата на пазарот на трудот, придонесувајќи за формирањето на расположливиот доход на населението преку растот на бројот на вработените и просечната месечна исплатена плата. Малите и средни претпријатија се двигатели на инклузивниот економски раст во Македонија и во создавањето на

продуктивни и одржливи работни места. Во последната деценија беа спроведени голем број на реформи во насока на создавање на поповолно деловно окружување, кое индиректно влијаеше и врз креирањето на нови работни места. Основните принципи на спроведените економски реформи беа: олеснување на условите за водење бизнис во земјата, воспоставување на висок степен на економска слобода и еднакви услови за работење на економските субјекти, поддршка на претриемништвото и зголемување на конкурентноста и иновативноста на македонската економија.

Врз основа на анлизата можеме да кажеме дека Македонија има релативно добро деловно окружување, со простор за поматамошно подобрување. Македонија бележи значајни постигнувања во своите економски и деловни реформи. Според извештајот *"Водење бизнис"* на Светска банка (2017), Македонија е рангирана на 10-тото место според Индексот за леснотија при водење бизнис. Всушност, земјата е четврта во светот во однос на леснотијата за започнување бизнис. Според индексот за регистрирање и плаќање даноци, Македонија е рангирана на деветтото место во светот. Според Глобалниот индекс за конкурентност на Светскиот економски форум, македонската економија е рангирана на 60-тото место во 2015-16, што претставува значаен скок во споредба со 80-тото место во 2012-13. Според последниот преглед на Индексот на економските политики во сферата на МСП во ЕУ (Организација за економска соработка и развој, (OECP) 2016) дава пофалби за Македонија за нејзината институционална рамка и оперативното окружување, при што земјата се смета за „една од најнапредните економии во регионот на Југоисточна Европа во однос на унапредувањето на својот сектор на МСП". Прегледот ја охрабрува Македонија да ја продолжи својата реформска програма и да осигури соодветно обезбедување на услуги што ги задоволуваат потребите на МСП. Прегледот содржи и предлози за подобрувања на следењето и оценувањето на политиките, програмите и услугите за МСП и за поддршка на диверзификацијата на небанкарските извори на финансии. Од направената анализа во последните години се забележува тренд на пад на невработеноста, поради неколку фактори, но главно за создавање работни места во новите компании со странски капитал, а во согласност со активните мерки и мерки на пазарот на труд против сивата економија. Активните програми за вработување и мерки и постојаните образовни реформи се еден од основните фактори за овие позитивни случувања на пазарот на трудот. Континуираната примена на ваквите активни мерки на пазарот на трудот ќе резултира со поефикасно пополнување на слободни работни места, за што е важно да се обезбеди соодветен одговор на понудата и побарувачката на вештини што се остварува со доволна флексибилност на платите преку активности и занимања.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Beaver, G. "Strategy and management in the smaller enterprise", Strategic Change, Vol. 11 (4), p.175-181, 2002.
[2] Ghobadian, A., O"Regan, N. "The impact of ownership on small firm behaviour and performance", International Small Business Journal, Vol. 24 (6), p .555-586, 2006.
[3] Група автори, Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија", Економски институт-Скопје,2002.
[4] Национална Стратегија за Вработување на Република Македонија 2016-2020. http://www.mtsp.gov.mk
[5] Национална Стратегија за мали и средни претпријатија(2018-2023) http://economy.gov.mk.
[6] Државен завод за статистика
[7] OECP (2016) *Индекс на политики за МСП; Западен Балкан и Турција 2016; Оценување наспроведувањето на Актот за мали претпријатија за Европа*, OECD Publishing, Paris
[8] Закон за трговски друштва, Службен весник на Р.М. бр. 28/04.